РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
"ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"
Бр. 04-416/1
06.07 2026 год.
Охрид

Врз основа на Законот за работни односи и член 77-е од Законот за култура, Директорот на Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид на ден 06. 07. 2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор**

За вработување на 1 (еден) работник на неопределено работно време за работно место со реден број и шифра: КУЛ 03 04 А04 003 Актер втора група во Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид се избира кандидатот Верица Недеска од Охрид, со адреса на живеење ул. „Момчило Јорданоски“ бр. 115 со ЕМБГ 0808978435014

**Образложение**

Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид објави јавен оглас за вработување 1 (еден) работник на неопределено работно време за работно место со реден број и шифра: КУЛ 03 04 А04 003 Актер втора група во Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид кој оглас се објави во Агенцијата за вработување и во два дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Согласно член 77-е од Законот за култура Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју. По исклучок постапката за селекција за вработување на уметници се состои од проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и спроведување на постапка за аудиција. Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју односно на аудиција. На интервјуто преку прашања се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место. На аудицијата се проверуваат уметничките способности на кандидатот. Во рок од три дена Комисијата подготвува и до директорот на јавната установа од областа на културата доставува предлог кандидат.

На објавениот оглас се пријавија кандидатите - Верица Недеска, Здравко Стојмиров, Ристе Ѓорѓиевски. По спроведената постапка во која се изврши проверка дали кандидатите ги исполнуваат општите и посебните услови и проверка на документите кои се доставени од кандидатите се утврди дека за пријавените кандидати документите се комплетни и дека кандидатите ги исполнуваат условите за вработување.

По спроведената аудиција Комисијата за аудиција во состав Петар Мирчевски, актер – претседател; Љупчо Ѓориески, режисер – член; Ѓоко Алоски, уметнички раководител на НУ ЦК „Григор Прличев“ Охрид – член; Андреј Цветаноски, режисер – член Благојче Божиноски, режисер – член достави предлог за избор со архивски број 04-413/1 на 03. 07. 2026 година.

Поради наведеново се одлучи кандидатот Верица Недеска од Охрид, со адреса на живеење ул. „Момчило Јорданоски“ бр. 115 со ЕМБГ 0808978435014 да се вработи на неопределено работно време за работно место со реден број и шифра: КУЛ 03 04 А04 003 Актер втора група во Националната установа Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука кандидатите имаат право на жалба во рок од 8 дена од приемот до Управниот одбор на Националаната установа Центар за култура „Григор Прличев" Охрид

Да се достави до:
-Кандидатите

Национална установа Центар за култура
„Григор Прличев" - Охрид
Директор
Горан Стојаноски